Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО 2026 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ... 3
ВОВЕД ... 5
ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ... 7
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС ... 13
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ... 17
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ... 20
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ... 21
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ... 23
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ... 25
ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2025 ГОДИНА ... 31
СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 32
СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ – ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛИ ... 37
ИЗДАВАЧКА И СОПСТВЕНИЧКА ПОВРЗАНОСТ НА МЕДИУМИТЕ ... 49

## ВОВЕД

Оваа публикација содржи податоци за сопственичката структура на радиодифузерите (вкупно 91 – 35 телевизии и 56 радија), издавачите на печатени медиуми (вкупно 19) и издавачите на онлајн медиуми - интернет-портали (вкупно 50) што се евидентирани во регистарот што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За да се обезбеди целосен увид во сопственоста, публикацијата дава преглед на сопственоста сѐ до крајните носители на сопственички удели во овие субјекти.

Целта на овој документ, кој Агенцијата редовно го изработува од 2019 година наваму, е да обезбеди поголема транспарентност на медиумската сопственост, односно подобро информирање на јавноста за сопственичката структура на медиумите.

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Програма на државно ниво преку терестријален предавател емитуваат телевизиите Алфа, Алсат-М, Телма, Сител и Канал 5.

### 1. ТВ Алфа

ТВ Алфа е во целосна сопственост на правен субјект – Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје.

Како сопственици на ова друштво се јавуваат четири правни лица, при што мнозинскиот удел од 56.90 % во основната главнина го има Друштвото за услуги ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП ДОО Скопје. Краен сопственик на ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП е физичкото лице Петер Сцхатз од Унгарија, кој во целост го поседува и второто правно лице кое е директен сопственик на АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје, а тоа е Друштвото за трговија и услуги ТАРГЕТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје. Индиректно, преку ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП и преку ТАРГЕТ МЕДИА заедно, Петер Сцхатз поседува 71.64 % од капиталот на АЛФА СКОП.

27,54 % ги поседуваат две акционерски друштва, и тоа: 16,69 % Трговското друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет МАКОШПЕД АД Скопје и 10,85 % Акционерското друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА - Скопје. Најголем акционер во МАКОШПЕД АД[1], кој поседува 19,03 % од акциите, е Трговското друштво за трговија на

---

[1] Други акционери со над 5 % акции во МАКОШПЕД АД се: УГОТУР Акционерско друштво за трговија, услуги и агенциско работење – Скопје (18.90 %), Друштво за производство трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО (12.93 %) и Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет МАКОШПЕД АД (10 %) – Податоците се обезбедени од веб-страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност https://www.cdhv.mk/акционери_над_5_.aspx#, состојба на 6.4.2026 година, пристапено на 9.4.2026 година.

големо и мало МЕПКОМ Кочо и други ДОО увоз извоз, а најголем акционер во ЕВРОПА АД[2] е Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД, со 21,77 % од акциите.




[2] Други акционери со над 5 % акции во АД ЕВРОПА се: Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет МАКОШПЕД АД (19,90 %), Друштво за трговија производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ (19,15 %), Акционерско друштво фабрика за чоколади вафли и бонбони ЕВРОПА (10 %), Мила Левентич (8,68 %) и Есамедин Хасани (6,25 %) - Податоците се обезбедени од веб-страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност, https://www.cdhv.mk/акционери_над_5_.aspx#, состојба на 6.4.2026 година, пристапено на 9.4.2026 година.

## 2. ТВ Алсат-М

ТВ Алсат-М е во директна сопственост на едно правно и едно физичко лице. Мнозински сопственик е правното лице - Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО од Скопје, чии сопственици се физичките лица Ферик Велија (88 %) и Зана Велија (12 %).




## 3. ТВ Телма

ТВ Телма е во сопственост на МАКПЕТРОЛ Акционерското друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, во чија структура доминираат два големи акционери, т.е. два сопственика на над 5 %

акции - Командитното друштво со акции за транспорт ОИЛКО Скопје (27,95 % од акциите) и МАКПЕТРОЛ АД (10 % од акциите)[3].




Освен овие, акции во МАКПЕТРОЛ АД имаат уште 2.355 субјекти, од кои 2.318 се домашни и 37 се странски правни и физички лица.

Табела 1: Број на акции и акционери во МАКПЕТРОЛ АД (состојба на 20.4.2026 година)

| **Тип на акционери** | | **Број на акции** | **Број на акционери** |
|---|---|---|---|
| Домашни | правни лица | 53.369 | 75 |
| | физички лица | 57.629 | 2.245 |
| Странски | правни лица | 264 | 7 |
| | физички лица | 1.120 | 30 |
| **Вкупно** | | **112.382** | **2.357** |

[3] Централен депозитар за хартии од вредност, https://www.cdhv.mk/акционери_над_5_.aspx#, состојба на 20.4.2026 година, пристапено на 20.4.2026 година
Акционери со над 5 % акции (состојба на 20.4.2026 година) во ОИЛКО се: Макпетрол акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати (35,61 %), Андреја Јосифовски (14,96 %) и Командитно друштво со акции за транспорт ОИЛКО Скопје (5,99 %)

## 4. ТВ Сител

Единствен сопственик на ТВ Сител е Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје, кое е во целосна сопственост на физичкото лице Горан Ивановски.




## 5.ТВ Канал 5

Канал 5 е единствената терестријална телевизија на државно ниво која е во целосна сопственост на физичко лице. Почнувајќи од септември 2017 година, сопственик на овој радиодифузер е Емил Стојменов.



Во последните пет години промена во сопственичката структура извршила само ТВ Алсат-М. Во јули 2024 година од сопственоста на оваа телевизија истапи физичкото лице Имихане Велија, чијшто удел во сопственоста изнесуваше 0,07 %.

Табела 2: Сопственичка структура на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| ТВ | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје - 100% | | | | |
| ТВ Алсат-М | Ферик Велија - 0.07 %<br>Имихане Велија - 0.07 %<br>ВЕВЕ ГРОУП ДОО, Скопје - 99.86 % | | <u>од јули 2024</u><br>Ферик Велија - 0.14 %<br>Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО, Скопје - 99.86 % | | |
| ТВ Телма | МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – 100 % | | | | |
| ТВ Сител | Друштво за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје – 100 % | | | | |
| ТВ Канал 5 | Емил Стојменов – 100 % | | | | |

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС

Дозвола да емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку неограничен ресурс имаат четири телевизии, и тоа: Компани 21-М и Шења за емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, и 24 Вести и Наша ТВ за емитување преку сателит. Од нив, само Наша ТВ е во сопственост на физичко лице.

### 1. ТВ Компани 21-М

Сопственици на ТВ Компани 21-М се четири физички лица од Косово, кои во сопственоста на радиодифузерот влегуваат преку друго правно лице – Друштвото со ограничена одговорност Компани 21 ДОО од Приштина.

Краен сопственик на повеќе од половина (60 %) од капиталот на ТВ Компани е Афердита Келменди. Лицето Еуген Сарачини поседува 20 %, а сопственици на по 10 % се Флорин Келменди и Џералдина Вула.



## 2. ТВ Шења

Краен сопственик на ТВ Шења е лицето Таџудин Шабани, а директен сопственик е правното лице Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ од Скопје. Единствен сопственик на ова друштво е друго правно лице – Фондација за култура и образование КУЛТ ВИЗИОНИ од Скопје.




## 3. ТВ 24 Вести

Единствен сопственик на оваа телевизија е странско правно лице регистрирано во Србија. Станува збор за КОМНЕТ 328 ДОО Белград, кое е во целосна сопственост на домашно физичко лице.




## 4. Наша ТВ

Единствен сопственик на Наша ТВ е физичкото лице Ристо Говоски. Сопственоста ја стекнал од самото основање на радиодифузерот во 2008 година.




Во периодот од 2022 година наваму промена на сопственоста беше направена само кај ТВ 24 Вести (во 2024 година). Од сопственоста на телевизијата целосно истапи правното лице Цабле 24 ДОО од Линц, Австрија, а пристапи правното лице КОМНЕТ 328 ДОО од Белград, Србија.

---

*Податоците за сопственикот на ова правно лице се обезбедени од документот за негова регистрација што ТВ 24 Вести го достави во Агенцијата во 2025 година. Во 2026 година радиодифузерот не достави ваков документ.

Табела 3: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво
преку неограничен ресурс во последните пет години

| ТВ | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Компани 21-М | Друштво со ограничена одговорност Компани 21 ДОО Приштина, Косово – 100 % | | | | |
| ТВ Шења | Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје – 100 % | | | | |
| ТВ 24 Вести | Цабле 24 ДОО Линц, Австрија – 100 % | | <u>од февруари 2024</u><br>Комнет 328 ДОО Белград – 100 % | | |
| Наша ТВ | Ристо Гоговски – 100 % | | | | |

## ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Како сопственици на 12-те регионални телевизии се јавуваат вкупно 14 субјекти - 12 физички и две правни лица.

Десет телевизии се во сопственост на по едно лице, а две имаат по двајца сопственици. Едната е ТВ Стар, каде што мнозински сопственик со удел од 90 % е лицето Христијан Марјанов, а 10 % од сопственоста ја поседува лицето Розетка Моневска. Втората е ТВ Кобра, кај која сопствениците – Ленче Литајковска и Игор Литајковски имаат подеднакво учество од по 50 % во капиталот на телевизијата.

Во сопственост на правни лица се телевизиите М НЕТ-ХД и Ера.

### 1. ТВ М НЕТ-ХД

Крајни сопственици на ТВ М НЕТ-ХД се физичките лица Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов, секој со учество од по 33,3 % во сопственоста, која ја поседуваат индиректно, преку Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип.



## 2.ТВ Ера

Сопственоста на оваа телевизија е идентична со сопственоста на ТВ Шења. Односно, единствен сопственик на ТВ Ера е Друштвото за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје, кое е во целосна сопственост на Фондацијата за култура и образование КУЛТ ВИЗИОНИ Скопје. Сопственик на фондацијата, а истовремено и краен сопственик на телевизијата е физичкото лице Таџудин Шабани.




Три регионални телевизии извршиле промена на сопственоста во последните пет години - Шутел (два пати), Вистел и Прва Скопска (ТВ МТМ). Станува збор за следните промени:

1. Во март 2022 година од сопственоста на ТВ Шутел истапи физичкото лице Валентин Бајрам, а пристапи лицето Енвер Иљаз. Телевизијата спроведе промена на сопственичката структура и следната 2023 година, кога истапи Енвер Иљаз и пристапи Антоние Стојчески како единствен

сопственик (ТВ Шутел побара од АВМУ согласност за промена на сопствениците и во ноември 2025 година, но предложената промена, која беше одобрена од АВМУ, не беше реализирана);

2. Во февруари 2024 година, од сопственоста на ТВ Вистел истапи Друштвото за производство, туризам, промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, а пристапи физичкото лице Петар Каревски;
3. Во април 2025 година беше спроведена промена на сопствениците на Прва Скопска ТВ, на начин што од сопственоста целосно истапи лицето Гордана Андреевска, а пристапи лицето Никола Тасев.

Во табелата подолу се прикажани сопствениците на сите 12 регионални телевизии во последните пет години.

Табела 4: Сопственичка структура на регионалните телевизии во последните пет години

<table>
<tr><th>ТВ</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th><th>2026</th></tr>
<tr><td>ТВ Тера</td><td colspan="5">Зоран Манговски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Стар</td><td colspan="5">Христијан Марјанов – 90 % и Розетка Моневска – 10 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Кобра</td><td colspan="5">Ленче Литајковска – 50 % и Игор Литајковски – 50 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Топестрада</td><td colspan="5">Виган Ибиши – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ М НЕТ-ХД</td><td colspan="5">М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Вистел</td><td>/</td><td>ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје 100 %</td><td colspan="3"><u>од февруари 2024</u><br>Петар Каревски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Едо</td><td colspan="5">Енес Бабачиќ – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Ера</td><td colspan="5">МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Прва Скопска</td><td colspan="3">Гордана Андреевска – 100 %</td><td colspan="2"><u>од април 2025</u><br>Никола Тасев – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Шутел</td><td><u>до март 2022</u><br>Валентин Бајрам – 100 %<br><u>од март 2022</u><br>Енвер Иљаз 100%</td><td colspan="4"><u>од јуни 2023</u><br>Антоние Стојчески – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ КТВ</td><td colspan="5">Ангел Данов – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Коха</td><td colspan="5">Меваип Абдиу - 100 %</td></tr>
</table>

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Сите локални телевизии (вкупно 14) се во сопственост на физички лица.

Повеќе од еден сопственик имаат само две телевизии – ТВ Свет и ТВ Плус. Сопственици на ТВ Свет се лицата Драган Дечков, со учество од 51 %, и Ѓорги Дечков, со учество од 49 % во основната главнина на телевизијата. Кај ТВ Плус, мнозински сопственик е Ивана Спасовска, која поседува 66,7 % од капиталот на телевизијата, а сопственик на останатите 33,3 % е Ристо Илиевски.

Во периодот од 2022 година наваму само кај ТВ Гурра дошло до промена на сопствениците. Поточно, промената била реализирана на крајот од 2024 година, кога од сопственоста истапи лицето Мерита Адиљи, а пристапи лицето Кастриот Исеиноски.

Табела 5: Сопственичка структура на локалните телевизии во последните пет години

<table>
<tr><th>ТВ</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th><th>2026</th></tr>
<tr><td>ТВ Феста</td><td colspan="5">Неџати Аќифи – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ К</td><td colspan="5">Лазо Димитров – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Протел</td><td colspan="5">Чедо Петров – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Свет</td><td colspan="5">Драган Дечков – 51 % и Ѓорги Дечков – 49 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Калтрина</td><td colspan="5">Мазар Татеши – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Спектра</td><td colspan="5">Демиш Кариманоски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Дибра</td><td colspan="5">Илир Лела – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Гурра</td><td colspan="2">Мерита Адиљи – 100 %</td><td colspan="3">од декември 2024<br>Кастриот Исеиноски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Дуе</td><td colspan="5">Назми Елези – 100 %</td></tr>
<tr><td>Г-ТВ</td><td colspan="5">Блерим Мустафи – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Плус</td><td colspan="5">Ивана Спасовска - 66.7 % и Ристо Илиевски - 33.3 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Ускана медиа</td><td colspan="5">Мунир Мехдиу – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Њуз</td><td colspan="5">Амир Хамити – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Хоризонт</td><td colspan="4">/</td><td>Петар Георгиески – 100 %</td></tr>
</table>

## РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Од четирите радиостаници што емитуваат на државно ниво, само Канал 77 е во сопственост на правно лице – Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип. Краен сопственик на радиото е физичкото лице Виктор Гаврилов.

### РА Канал 77




Сопственици на Антена 5 се Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, при што секој од нив поседува идентичен дел од сопственоста на радиото (по 33,3 %).

Метрополис и Јон радио имаат по двајца сопственици.

Метрополис е во сопственост на Дарко Гелев (50,04 %) и Миле Ѓошевски (49,96 %), а Јон радио во сопственост на Гоце Стојковски (62,5 %) и Фисник Татеши (37,5 %).

Промена во сопственичката структура во последните пет години извршило само Јон радио, и тоа во март 2023 година, кога од сопственоста истапи лицето Андреј Стојков и неговиот удел (од 25 %) беше пренесен на лицето Гоце Стојковски. По спроведената промена, Гоце Стојковски стана мнозински содружник во радиостаницата.

Табела 6: Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво во последните пет години

| РА | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Канал 77 | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип–100 % | | | | |
| РА Антена 5 | Зоран Петров – 33.3 %, Марјан Гушев – 33.3 % и Коста Јаневски – 33.3 % | | | | |
| РА Метрополис | Дарко Гелев - 50.04% и Миле Ѓошевски - 49.96 % | | | | |
| РА Јон | Гоце Стојковски - 37.5 %<br>Фисник Татеши - 37.5 %<br>Андреј Стојков - 25 % | од март 2023<br>Гоце Стојковски - 62.5 % и Фисник Татеши - 37.5 % | | | |

## РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Како сопственици на регионалните радија се јавуваат 15 физички и едно правно лице, во чија сопственост е РА 99.

Поточно, единствен сопственик на РА 99 е Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ од Скопје, а негов сопственик е физичкото лице Сејдид Емин.

**РАДИО 99**




Во периодот од 2022 година наваму била извршена промена на сопствениците на: РА 99 (во декември 2023 година), РА Урбан ФМ (во мај 2023 година), РА Лајф (во ноември 2023 година) и РА Џез ФМ (во ноември 2023 година и во јануари 2024 година). На почетокот од 2026 година АВМУ одобри промена на сопственичката структура на РА Ват, но оваа промена не беше спроведена во Централниот регистар на РС Македонија.

1. Со промената на сопственичката структура на РА 99, од сопственоста на радиото истапи физичкото лице Муарем Исмаили, а пристапи правното лице УМАЈА-БТ ДООЕЛ од Скопје.

2. Промената кај РА Урбан ФМ се реализираше така што истапи лицето Митко Арнаудов и пристапи лицето Робин Зимбаков, како единствен сопственик на радиостаницата.
3. Промената на сопственичката структура на РА Лајф настана поради смрт на сопственикот, при што неговиот сопственички удел беше пренесен на лицето Афердита Фетау.
4. РА Џез ФМ изврши промена два пати во последните пет години. Со првата промена, поради смрт на сопственикот, нов сопственик стана Ален Хаџи-Стефанов. Со втората промена, од сопственоста целосно истапи Ален Хаџи-Стефанов, а пристапи лицето Дарко Фиданоски.

Сопствениците на сите регионални радиостаници се прикажани во табелата во продолжение.

Табела 7: Сопственичка структура на регионалните радиостаници во последните пет години

| РА | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|
| РА 99 | Муарем Исмаили 100 % | од декември 2023 УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје - 100 % | | | |
| РА Буба Мара | Ранко Петровиќ – 100 % | | | | |
| РА Ват | Мефаил Кадри – 50 % и Екрем Кадри – 50 % | | | | |
| РА Зона М-1 | Светлана Тасевска – 100 % | | | | |
| РА Урбан ФМ | Митко Арнаудов 100 % | од мај 2023 Робин Зимбаков – 100 % | | | |
| РА Клуб ФМ | Ѓорѓи Савев – 34 % и Елена Петреска – 66 % | | | | |
| РА Лајф | Крешник Ајдини 100 % | од ноември 2023 Афердита Фетау – 100 % | | | |
| РА Роса АБ | Александар Димитров – 100 % | | | | |
| РА РФМ | Ристо Еоговски – 100 % | | | | |
| РА Сити | Дарко Гелев – 100 % | | | | |
| РА Скај | Теодор Манески – 100 % | | | | |
| РА Спортско 90,3 | Тони Митев - 100 % | | | | |
| РА Фортуна | Виолета Божиноска – 100 % | | | | |
| РА Џез ФМ | Љупчо Хаџи Стефанов – 100 % | од ноември 2023 Ален Хаџи Стефанов - 100 % | од јануари 2024 Дарко Фиданоски – 100 % | | |

## РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Од 38 локални радија, 32 се во сопственост на физички лица, пет се во сопственост на правни лица, а едно (студентското радио УКЛО ФМ) функционира како посебна внатрешна организациона единица во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Правни лица се сопствениците на РА Буба Мара од Прилеп, РА Свети Николе од Свети Николе, РА Енџелс од Штип, РА Буба Мара Студио од Штип и непрофитното РА Марија Благовест од Струмица.

### 1. РА Буба Мара, Прилеп

Единствен сопственик на оваа радиостаница е Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, кое е во сопственост на физичкото лице Ранко Петровиќ.



## 2. РА Свети Николе

Сопственици на РА Свети Николе се Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен славјански институт ДООЕЛ Свети Николе, со учество од 88 %, и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со учество од 12 % во основната главнина на радиото.

Меѓународниот славјански институт е во целосна сопственост на Меѓународниот славјански универзитет Свети Николе, чиј единствен сопственик е физичкото лице Јордан Ѓорчев.



## 3. РА Енџелс

Краен сопственик на РА Енџелс е физичкото лице Зоран Илиев, кое сопственоста не ја поседува директно, туку преку друго правно лице, односно преку Друштвото за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ од Штип.




## 4. РА Буба Мара Студио, Штип

Оваа радиостаница има идентична сопственост како РА Буба Мара од Прилеп. Директен сопственик е регионалното скопско радио Буба Мара, а краен сопственик е лицето Ранко Петровиќ.




## 5. РА Марија Благовест

Радио Марија Благовест е непрофитно верско радио, а негов сопственик е Здружението Марија Македонија од Струмица. Како сопственици на здружението се јавуваат две физички лица - Јадранка Чадиновска и Ратислав Кардалев.



Во периодот од 2022 година наваму промена на сопственичката структура извршиле четири од постоечките 38 локални радија, и тоа:

1. РА Ла Коста од Виница – во ноември 2022 година истапи лицето Дафинка Костадинова, а пристапи лицето Бранко Ивановски;
2. РА Ред ФМ од Тетово – во септември 2023 година истапи лицето Арба Мехмети, а пристапи лицето Фјона Мехмети;
3. РА Кавадарци од Кавадарци – во јули 2024 година 30 % од сопственоста на лицето Трајанка Митрова беше пренесена на лицето Златко Ѓорчев; и
4. РА Плус Форте од Тетово – во март 2025 година истапи лицето Небојша Карапејовски, а пристапи лицето Милан Павловски.

Во табелата подолу се претставени податоци за сопствениците на сите радија што имаат дозвола за емитување програма на локално ниво.

Табела 8: Сопственичка структура на локалните радиостаници во последните пет години

<table>
<tr><th>РА</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th><th>2026</th></tr>
<tr><td>РА 106</td><td colspan="5">Кире Христовски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА УКЛО ФМ</td><td colspan="5">Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола</td></tr>
<tr><td>РА Валандово</td><td colspan="5">Снежана Шунтова – 50 % и Дионис Нунов – 50 %</td></tr>
<tr><td>РА Голди</td><td colspan="5">Маја Чадиева – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Мерак 5ФМ</td><td colspan="5">Димче Саздов – 50 % и Љупчо Несторов – 50 %</td></tr>
<tr><td>РА Ла Коста</td><td><u>до ноември 2022</u><br>Дафинка Костадинова – 100 %<br><u>од ноември 2022</u><br>Бранко Ивановски - 100 %</td><td colspan="4">Бранко Ивановски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Комета</td><td colspan="5">Зоран Маџоски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Тајм</td><td colspan="5">Павле Јовановски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Галакси</td><td colspan="5">Нада Ангелова – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Кавадарци</td><td colspan="2">Трајанка Митрова – 100 %</td><td colspan="3"><u>од јули 2024</u><br>Трајанка Митрова – 70 % и Златко Ѓорчев – 30 %</td></tr>
<tr><td>РА Александар Македонски</td><td colspan="5">Илија Таневски – 100 %</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| РА Акорд | Зорица Ѓореска – 100 % | |
| РА Медисон | Нада Јосифоска – 100 % | |
| РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски – 50 % и Илија Стефановски – 50 % | |
| РА Бум | Сузана Андоновиќ – 100 % | |
| РА Јехона ФМ | Бесим Шабани – 100 % | |
| РА Сквер | / | Саша Митиќ – 100 % |
| РА Пулс | Марјан Тодоров – 100 % | |
| РА Мефф | Билјана Јовеска – 100 % | |
| РА Холидеј | Ленче Андоноска – 100 % | |
| РА Пела | Гордана Цветаноска – 100 % | |
| РА Буба Мара, Прилеп | / | од август 2025<br>Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје – 100 % |
| РА Еко | Дарко Пановски – 100 % | |
| РА Модеа | Благе Монев – 100 % | |
| РА Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје – 12 %<br>Меѓународен славјански институт ДООЕЛ, Свети Николе – 88 % | |
| РА Плеј | Никола Бебекоски – 100 % | |
| РА Струга | / | од август 2025<br>Енсар Алуши – 100 % |
| РА Експрес | Соња Појразовска - 100 % | |
| РА Хит | Стево Трајков – 100 % | |
| РА Блета | Африм Рамадани – 100 % | |
| РА Кисс | Зоран Тодоровски – 100 % | |
| РА Плус Форте | Небојша Карапејовски – 100 % | од март 2025<br>Милан Павловски - 100 % |
| РА 7 | Енкелејда Шелбурне – 100 % | |
| РА Ред ФМ | Арба Мехмети<br>100 % | од септември 2023<br>Фјона Мехмети - 100 % |
| РА Енџелс | Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип – 100 % | |
| РА Буба Мара Студио, Штип | / | од август 2025<br>Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје – 100 % |
| РА Марија Благовест | Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Струмица – 100 % | |
| РА Импулс | Горанчо Тасев – 100 % | |

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

Врз основа на доставени известувања за промена на сопственичката структура, Агенцијата во 2025 година одобри промена во сопственоста на три радиодифузери – телевизиите Прва Скопска (со претходен назив ТВ МТМ) и Шутел и радиостаницата Плус Форте.

1. Од сопственоста на Прва Скопска истапи во целост лицето Гордана Андреевска, а пристапи лицето Никола Тасев. Одлуката за промена на сопственичката структура на овој радиодифузер Агенцијата ја донесе во февруари 2025 година, а промената беше реализирана во април.

2. ТВ Шутел побара согласност за истапување на лицето Антоние Стојчески и за пристапување на лицето Беадин Сулејмановски. Иако Агенцијата ја одобри оваа промена (во декември 2025 година), радиодифузерот истата не ја спроведе во Централниот регистар во утврдениот рок, поради што Агенцијата донесе заклучок (во март 2026 година) согласно кој претходно донесената одлука со која дозволи спроведување промена на сопственичката структура не произведува правно дејство.

3. Од сопственоста на РА Плус Форте истапи лицето Небојша Карапејовски, а пристапи лицето Милан Павловски[4]. Агенцијата ја одобри оваа промена во февруари 2025 година, а радиодифзуерот истата ја спроведе во март.

---

[4] Промената на сопственоста на РА Плус Форте се случи поради тоа што по завршувањето на парламентарните избори во 2024 година, лице кое е член на семејството на сопственикот на ова радио беше избрано за пратеник во Собранието на РСМ, што е спротивно на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„...носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснователи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите“.*

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Од вкупно 19 издавачи на печатени медиуми (состојба на 22 мај 2026 година), еден е во целосна сопственост на правно лице, два имаат мешана сопственост, односно сопственици се истовремено правни и физички лица, а 14 се во сопственост само на физички лица. Другите два издавачи се здруженија.

Во сопственост на правно лице е Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на дневниот весник „Нова Македонија“. Сопственик на овој издавач е странско правно лице основано на Британските Девствени Острови, чијшто капитал во целост го поседува физичкото лице Минчо Јорданов од Скопје.




Сопственици на Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“, се Владимир Гаљак од Белград и Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО од Скопје. Двата субјекта имаат ист удел во основачкиот капитал на СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје (по 50 %).

Мнозински сопственик на ПЕЧАТ МК ДОО е физичкото лице Драган Живковиќ.




Вториот издавач на печатен медиум кој има мешана сопственост е Трговското друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“. Негови сопственици се две правни и две физички лица. Доминантен сопственик е „РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД“ од Британските Девствени Острови, со удел од 51 % во основачкиот капитал на издавачот, а околу 10 % помалку од сопственоста му припаѓа на Друштвото за производство, трговија и услуги КАМБУРИС И БАРБА ДОО увоз-извоз од Скопје. Физички лица кои се јавуваат како сопственици на КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП се Љупчо Зиков и Гордана Стојановска-Ицевска.




Најголем дел од издавачите на печатени медиуми се во сопственост на по едно лице. Најмногу сопственици, пак, има Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта 3", во чија сопственичка структура удели имаат дури 15 физички лица.

Во продолжение се сопствениците на сите издавачи евидентирани во Регистарот на издавачи на печатени медиуми што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Табела 10: Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми

| | издавач на печатен медиум | медиум | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | „Нова Македонија" | РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Тортола, Британски Девствени Острови – 100 % |
| 2 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | „Слободен печат" | Владимир Гаљак, Белград – 50 %<br>Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје – 50 % |
| 3 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје | „Капитал" | Љупчо Зиков – 6,09 %<br>Друштво за производство, трговија и услуги КАМБУРИС И БАРБА ДОО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | увоз-извоз Скопје – 41,39 %<br>РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Тортола, Британски Девствени Острови – 51 %<br>Гордана Стојановска-Ицевска – 1,52% |
| 4 | Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | „Вечер“ | Сашо Богдановски – 100 % |
| 5 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | „Коха“ | Лирим Дулови – 60 %<br>Арбен Раткоцери – 40 % |
| 6 | Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје | „Фокус“ | Биљана Трошановска – 100 % |
| 7 | Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | „Бахче“ | Муртеза Сулооџа – 100 % |
| 8 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | „Лајм“ | Фејзи Ајдари – 100 % |
| 9 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје | „Економија и бизнис“ | Весна Јовановска – 68,5 %<br>Зоран Јовановски - 31,5 % |
| 10 | Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип | „Штипски глас“ | Иванчо Бојаџиски – 100 % |
| 11 | Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје | „Убавина и здравје“ и „The Economist“ | Александар Наков – 51 %<br>Јована Стојменовиќ – 49 % |
| 12 | Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје | „Порта 3“ | Александар Белев – 5 %<br>Љупчо Атанасовски – 5 %<br>Виктор Карафилов – 10 %<br>Филип Филипоски – 5 %<br>Гоце Адамчески – 5 %<br>Предраг Мојсовски – 5 %<br>Стефан Каратуков – 5 %<br>Елена Филипоска – 5 %<br>Горјан Јовановски – 5 %<br>Богданчо Гогов – 4 %<br>Емилија Петровска – 9 %<br>Александра Петровска – 9 %<br>Коста Костов – 10 %<br>Сандра Дончева – 9 %<br>Вања Дончева – 9 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп | „Зенит“ | Светлана Ристеска – 50 %<br>Љупчо Мургоски – 50 % |
| 14 | Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје | „InStore“ | Верица Мартиновска – 100 % |
| 15 | Друштво за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје | „Емитер“ | Слободан Таневски – 75 %<br>Сашко Таневски – 25 % |
| 16 | Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје | „Народен лекар“ | Арсен Колевски – 100 % |
| 17 | Друштво за производство, трговија и услуги ИНОВАТОР ЈСМС ТЕСЛА ДООЕЛ Свети Николе | „БАЛКАНиУМ“ | Стефан Ѓорчев – 100 % |
| 18 | Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје | „Шења“ | Таџудин Шабани – претседател |
| 19 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје | „Лице в лице“ | Климентина Илијевски – овластено лице |

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ - ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛИ

Во моментот на пишување на овој извештај во регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет-портали се впишани 50 субјекти[5]. Вкупниот број интернет-портали што тие ги издаваат изнесува 61, од кои 42 се со голем, а 19 со мал и/или специјализиран опфат.

Само три издавачи се во целосна сопственост на правни лица. Тие се: издавачот на „Радио Канал 77", издавачот на „Нова Македонија" и издавачот на „Дома", „Рес публика" и „Само прашај".

Табела 11: Сопственичка структура на издавачи на интернет-портали
(издавачи во сопственост на правни лица)

| | издавач на онлајн медиум-интернет портал | медиум и интернет адреса | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип | Радио Канал 77 www.kanal77.mk | • Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип – 100 % |
| 2 | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Нова Македонија www.novamakedonija.com.mk | • РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Тортола, Британски Девствени Острови – 100 % |
| 3 | Институт за КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ Скопје | Дома www.doma.edu.mk Рес публика www.respublica.edu.mk Само прашај www.samoprasaj.mk | • Висока школа за новинарство и за односи со јавноста Скопје - 100 % |

Издавач на онлајн медиумот „Радио Канал 77" е радиодифузер. Тоа е Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, кое е во целосна сопственост на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг

[5] Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали е достапен на веб-страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/online-mediumi/ - пристапено на 21.5.2026 година

и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, а краен сопственик е физичкото лице Виктор Гаврилов.

www.kanal77.mk




Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е издавач на „Нова Македонија“. Основачкиот капитал на овој издавач е во сопственост на странско правно лице – РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, основано во Британските Девствени Острови.

www.novamakedonija.com.mk



Според податоците од документот за регистрација на РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, заклучно со 25 март 2026 година, овој субјект има издадено вкупно 50.000 акции, сите на лицето Минчо Јорданов.

Третиот издавач кој е во целосна сопственост на правно лице е Институтот за КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ Скопје. Негов сопственик е Високата школа за новинарство и за односи со јавноста Скопје, чијашто сопственост ја поседува Фондацијата за медиуми и граѓанско општество МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје[6].

Институтот за КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ е издавач на три онлајн медиуми-интернет-портали.

www.doma.edu.mk; www.respublica.edu.mk; www.samoprasaj.mk




Мешана сопственост имаат пет издавачи на онлајн медиуми. Како сопственици на овие пет субјекти се јавуваат шест физички и три правни лица, при што исто правно лице (Друштвото за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје) се јавува истовремено како сопственик на три издавачи.

[6] Според податоците од Тековната состојба издадена од Централниот регистар на РСМ, фондацијата нема сопственици, туку само овластено лице, односно директор. Тоа е Билјана Петковска.

Табела 12: Сопственичка структура на издавачи на интернет-портали
(издавачи во сопственост на правни и физички лица)

| | издавач на онлајн медиум-интернет портал | медиум и интернет адреса | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за дигитални медиуми ОНЛАЈН МЕДИЈА ДОО Скопје | А1он<br>www.A1on.mk | • Предраг Петровиќ – 50 %<br>• Друштво за трговија и услуги КЛИП МЕДИА ГРУП ДООЕЛ Скопје – 50 % |
| 2 | Друштво за издаваштво, графичка дејност и трговија ЛД ПРЕСС МЕДИА ДОО Скопје | Нетпрес<br>www.netpress.com.mk | • Лидија Станчевска-Кумева - 24.5 %<br>• Дејан Николовски - 24.5 %<br>• Друштво за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје – 51 % |
| 3 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | Слободен печат<br>www.slobodenpecat.mk | • Владимир Гаљак, Белград – 50 %<br>• Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје – 50 % |
| 4 | Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДОО Скопје | Република<br>www.republika.mk<br>ПресингТВ<br>www.pressingtv.mk | • Доне Доневски – 49 %<br>• Друштво за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје – 51 % |
| 5 | Друштво за трговија и услуги ЕМ МЕДИА ДОО Скопје | Денешен<br>www.denesen.mk<br>Вистина<br>www.vistina.com.mk<br>Курир<br>www.kurir.mk | • Саше Стојановски – 49 %<br>• Друштво за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје – 51 % |

Друштвото за дигитални медиуми ОНЛАЈН МЕДИЈА ДОО Скопје, издавач на „А1он“, е во сопственост на физичкото лице Предраг Петровиќ и правното лице Друштво за трговија и услуги КЛИП МЕДИА ГРУП ДОО Скопје, секое со учество од по 50 % во основната главнина.

Капиталот на КЛИП МЕДИА ГРУП ДОО Скопје има странско потекло, бидејќи сопственоста ја поседува физичко лице од Шведска.

www.A1on.mk




Издавачот на „Нетпрес“ е во сопственост на две физички и едно правно лице, при што мнозински сопственик е правното лице, односно Друштвото за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје, кое поседува 51 % од сопственоста. Другите 49 % се рамномерно поделени помеѓу Лидија Станчевска-Кумева и Дејан Николовски. И кај овој издавач е присутен странски капитал бидејќи сопственик на АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје е странско физичко лице (Агнеш Ковач од Унгарија).

www.netpress.com.mk



Сопственици на Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје се Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје и Владимир Гаљак од Белград. Мнозински сопственик на ПЕЧАТ МК ДОО Скопје, со удел од 90 % во сопственоста е лицето Драган Живковиќ.

www.slobodenpecat.mk




51 % од сопственоста на Друштвото за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДОО Скопје му припаѓа на Друштвото за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје, односно на физичкото лице Агнеш Ковач како краен сопственик, а 41 % ги поседува лицето Доне Доневски.

www.republika.mk; pressingtv.mk



Удел од 51 %, Друштвото за услуги АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје има и во сопственичката структура на Друштвото за трговија и услуги ЕМ МЕДИА ДОО Скопје, кое е издавач на три онлајн медиуми - „Денешен“, „Вистина“ и „Курир“. Сопственик на останатите 49 % е физичкото лице Саше Стојановски.

www.denesen.mk; www.vistina.com.mk; www.kurir.mk




Од вкупниот број издавачи евидентирани во регистарот, три се здруженија (Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице“, Здружение на граѓани БАЛКАНСКА ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА МРЕЖА Скопје, издавач на „Призма“ и Здружение за информирање и комуникации ТЕТОВО ИНФО МЕДИА Тетово, издавач на „Тетово инфо“), а четири се трговски радиодифузни друштва (ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, издавач на „Радио Канал 77“, ТРД тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, издавач на „Тера“, ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, издавач на „Естрада“ и ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, издавач на „Ускана“).

Вкупниот број директни сопственици на издавачите на онлајн медиуми - интернет-портали (не земајќи ги предвид здруженијата, бидејќи тие немаат сопственици во класична смисла како фирмите[7]) изнесува 61, од кои 55 се физички, а шест се правни лица.

35 издавачи имаат по еден сопственик (правно или физичко лице), а најмногу сопственици (четири) има Друштвото за аудио и видео продукција 360 СТЕПЕНИ ДОО Скопје, издавач на „360 степени". Мнозински сопственик на овој издавач на онлајн медиум е лицето Васил Попетревски, кој поседува 34 % од капиталот на друштвото. Другите 66 % се рамномерно поделени помеѓу Владимир Мирчевски, Срећко Поповски и Александар Димитриевски.

Табела 13: Сопственичка структура на издавачи на интернет-портали
(издавачи во сопственост на физички лица)

| | издавач на онлајн медиум-интернет портал | медиум и интернет адреса | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за маркетинг и услуги КАЈГАНА МЕДИА ДОО Скопје | Кајгана<br>www.kajgana.mk | • Дарко Лазаревски – 50 %<br>• Марјан Лазаревски – 50 % |
| 2 | Друштво за издавање на електронски публикации ПОРТАЛ ЊУЗ ДОО Скопје | МКД.МК<br>www.mkd.mk | • Петар Пејовиќ – 3 %<br>• Роберт Атанасовски – 3 %<br>• Александар Ристов – 94 % |
| 3 | Друштво за издавачка дејност, маркетинг и односи со јавност ПЛУСИНФО ИЗДАВАШТВО ДООЕЛ Скопје | Плусинфо<br>www.plusinfo.mk | • Биљана Илиќ-Ѓероска – 100 % |
| 4 | Друштво за медиуми, трговија и услуги H&M МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје | Национал<br>www.nacionalno.mk | • Никола Бачев – 100 % |
| 5 | Друштво за трговија и услуги КЛИП МЕДИА ГРУП ДООЕЛ Скопје | Макфакс<br>www.makfax.com.mk<br>УСБ | • Игор Лештар – 100 % |

[7] Според Законот за здруженија и фондации, здруженијата имаат основачи, кои се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | www.usb.mk<br>Репортер<br>www.reporter.mk<br>Топспорт<br>www.topsport.mk | |
| 6 | Друштво за услуги СДК МИХАЈЛОВСКИ ДООЕЛ Скопје | СДК<br>www.sdk.mk | • Горан Михајловски – 100 % |
| 7 | Друштво за информирање и разонода ТРЕНДОЛЕНД ДОО Скопје | Офф нет<br>www.off.net.mk | • Сашко Мацановски – 90 %<br>• Влатко Серафимовски – 10 % |
| 8 | Друштво за издавање на весници МОСТ ДВА ДОО Скопје | Независен<br>www.nezavisen.mk | • Ерол Ризаов – 50 %<br>• Љупчо Поповски – 50 % |
| 9 | Друштво за маркетинг и услуги МОТИОН ГРУП ДООЕЛ Скопје | Трн<br>www.trn.mk<br>Рацин<br>www.racin.mk | • Љубица Костовска – 100 % |
| 10 | Друштво за уметничко творештво и медија услуги ПОРТАЛИКС ДООЕЛ Арачиново | Порталикс<br>www.portalix.mk | • Фуркан Салиу – 100 % |
| 11 | Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | Вечер Прес<br>www.vecerpress.mk | • Сашо Богдановски – 100 % |
| 12 | Трговско радиодифузно друштво тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | Тера<br>www.tera.mk | • Зоран Манговски – 100 % |
| 13 | Друштво за промет, трговија и услуги СПОРТ ИНФО МЕДИА ДООЕЛ Скопје | Екипа<br>www.ekipa.mk | • Владимир Булатовиќ – 100 % |
| 14 | Друштво за интернет портали НИМО – ОХРИДЊУЗ ДООЕЛ Охрид | ОХРИДЊУЗ<br>www.ohridnews.mk | • Горан Момироски – 100 % |
| 15 | Друштво за аудио и видео продукција 360 СТЕПЕНИ ДОО Скопје | 360 СТЕПЕНИ<br>www.360stepeni.mk | • Васил Попетревски – 34 %<br>• Владимир Мирчевски – 22 %<br>• Срećко Поповски – 22 %<br>• Александар Димитриевски – 22 % |
| 16 | Друштво за производство, трговија, промет и услуги М&М | Гостивар Прес<br>www.gostivarpress.mk | • Ивица Адамоски – 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | МЕДИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар | | |
| 17 | Друштво за услуги, трговија и производство СКАЈ ПРЕСС увоз-извоз ДООЕЛ Ресен | Центар<br>www.centar.mk | • Александар Соколовски – 100 % |
| 18 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје | Лице в лице<br>www.licevlice.mk | • Климентина Илијевски - овластено лице |
| 19 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје | Естрада<br>www.estrada.mk | • Светлана Тасевска – 100 % |
| 20 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево | Ускана<br>www.uskana.mk | • Мунир Мехдиу – 100 % |
| 21 | Друштво за електронски медиуми НЕТ МЕДИА ГРУП ДООЕЛ Скопје | Локално<br>www.lokalno.mk<br>Бизнис Инфо<br>www.biznisinfo.mk | • Владимир Кошевалиски – 100 % |
| 22 | Друштво за филмска продукција, уметност и издаваштво ШОРТКАТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | Фронтлајн<br>www.frontline.mk<br>Нова ТВ<br>www.novatv.mk | • Џабир Мемеди – 100 % |
| 23 | Друштво за трговија и услуги ТОЧКА МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Точка<br>www.tocka.com.mk | • Никола Пехливанов – 100 % |
| 24 | Друштво за новинско-издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје | Медиа Плус Фокус<br>www.fokus.mk | • Биљана Трошановска – 100 % |
| 25 | Друштво за новинско-издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | Коха<br>www.koha.mk | • Лирим Дулови – 50 %<br>• Арбен Раткоцери – 50 % |
| 26 | Друштво за производство, промет и услуги ДИД МЕДИА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп | Инфо Компас<br>www.infokompas.com.mk | • Дејан Штаргоски – 100 % |
| 27 | Здружение на граѓани | Призма | • Ана Петрушева – овластено лице |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | БАЛКАНСКА ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА МРЕЖА Скопје | www.prizma.mk | |
| 28 | Друштво за производство, трговија и услуги АНАСТАСОВ ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Град Делчево | Брегалнички Портал www.bregalnicki.mk | • Кирчо Анастасов – 100 % |
| 29 | Друштво за медиуми, маркетинг и услуги КЛ ПРАЈМ ДООЕЛ Скопје | Скопје1 www.skopje1.mk | • Кристијан Ландов – 100 % |
| 30 | Друштвото за производство, трговија и услуги КУМАНОВСКИ МУАБЕТИ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово | Кумановски Муабети www.kumanovskimuabeti.mk | • Александар Крстевски – 100 % |
| 31 | Друштво за производство, трговија, промет и услуги ИНГЛИШ КЛАБ ДООЕЛ увоз-извоз Велес | Батали www.batali.mk | • Владимир Тевчев – 100 % |
| 32 | Друштво за интернет портал, електронски весници и маркетинг услуги ТОП МЕДИА 24 ДООЕЛ експорт импорт Тетово | Топ Медиа 24 www.top24.mk | • Иљбер Јахија – 100 % |
| 33 | Друштво за медиуми, продукција и маркетинг ТАСТАТУРА ДООЕЛ Куманово | Куманово њуз www.kumanovonews.mk | • Сузана Николиќ – 100 % |
| 34 | Здружение за информирање и комуникации ТЕТОВО ИНФО МЕДИА Тетово | Тетово инфо www.tetovoinfo.mk | • Горан Самарџиев<br>• Јани Самарџиев<br>• Филка Самарџиева<br>• Александра Самарџиева<br>• Александар Самарџиев |
| 35 | Друштво за новинско издавачка дејност, продукција и маркетинг ТРИХЕРМ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Штип | Слободен Свет www.slobodensvet.com.mk | • Наташа Димитровска – 100 % |
| 36 | Друштво за електронски медиуми ПРВ МЕДИА ДООЕЛ Велес | Прв www.prv.mk | • Влатко Миров – 100 % |
| 37 | Друштво за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ | Нистори www.nistori.mk | • Емир Хамзи – 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ с.Стримница-Желино | | |
| 38 | Друштво за услуги, трговија и интернет портали АС ПУБЛИК МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Битола | Шеталиште<br>www.setaliste.mk | • Александар Сирета – 100 % |
| 39 | Друштво за новинарство, издавачка дејност и услуги АЛФАКС ГРОУП ДООЕЛ Скопје | Алфакс<br>www.alfax.mk | • Ердуан Даути – 100 % |
| 40 | Друштво за комуникациски консалтинг А ПОЗИТИВ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ, Скопје | 48 часа<br>www.48chasa.mk | • Мирјана Бошњаковска – 100 % |
| 41 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп | Зенит<br>www.zenit.mk | • Светлана Ристеска – 50 %<br>• Љупчо Мургоски – 50 % |
| 42 | Друштво за производство на медиумски содржини, преведувачки услуги, маркетинг, трговија РАЗГЛЕДНИЦА ДООЕЛ Скопје | Причаоница.мк<br>www.pricaonica.mk | • Нина Ристиќ-Костовска – 100 % |

## ИЗДАВАЧКА И СОПСТВЕНИЧКА ПОВРЗАНОСТ НА МЕДИУМИТЕ

Десет издавачи на медиуми кои се евидентирани во регистрите што ги води Агенцијата издаваат по два медиума: СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје ги издава печатениот медиум „Слободен печат“ и интернет-порталот www.slobodenpecat.mk; ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје ги издава печатениот медиум „Вечер“ и интернет-порталот www.vecerpress.mk; ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип ги издава радиостаницата „Канал 77“ и интернет-порталот www.kanal77.mk; ТРД тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ ги издава телевизијата „Тера“ и интернет-порталот www.tera.mk; Здружението ПАБЛИК Скопје ги издава печатениот медиум „Лице в лице“ и интернет-порталот www.licevlice.mk; ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје ги издава радиостаницата „Зона М1“ и интернет-порталот www.estrada.mk; ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево ги издава телевизијата „Ускана медиа“ и интернет-порталот www.uskana.mk; МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје ги издава печатениот медиум „Фокус“ и интернет-порталот www.fokus.mk; КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје ги издава печатениот медиум „Коха“ и интернет-порталот www.koha.mk; а ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС ДОО Прилеп ги издава печатениот медиум „Зенит“ и интернет-порталот www.zenit.mk.

Сопственичка поврзаност постои кај следните медиуми:

- **Телевизиите Ера и Шења -** единствен сопственик на двете телевизии е правното лице Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје, а краен сопственик е физичкото лице Таџудин Шабани;

- **Телевизијата Наша ТВ и радиостаницата РФМ**, чиј единствен сопственик е физичкото лице Ристо Гоговски;

- **Радиостаниците Метрополис и Сити –** физичкото лице Дарко Гелев поседува 50,04 % од капиталот на РА Метрополис и 100 % од капиталот на Сити радио;

- **Радиостаниците Буба Мара Скопје, Буба Мара Студио Штип и Буба Мара Прилеп –** сите три се во сопственост на физичкото лице Ранко Петровиќ;

- **Печатените медиуми „Нова Македонија“ и „Капитал“ и интернет-порталот [www.novamakedonija.com.mk](http://www.novamakedonija.com.mk)**. Имено, физичкото лице Минчо Јорданов е сопственик на правното лице РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД од Британските Девствени Острови, преку кое има целосна индиректна сопственост врз РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија“ и на порталот www.novamakedonija.com.mk. Истовремено, преку истото друштво, Минчо Јорданов индиректно поседува и мнозински удел (од 51 %) во КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, издавач на печатениот медиум „Капитал“;

- **Интернет-порталите www.netpress.com.mk, www.republika.mk, www.pressingtv.mk, www.denesen.mk, www.vistina.com.mk и www.kurir.mk.** Мнозински сопственик на издавачите на овие онлајн медиуми (ЛД ПРЕСС МЕДИА ДОО Скопје, ПРВА РЕПУБЛИКА ДОО Скопје и ЕМ МЕДИА ДОО Скопје), со учество од по 51 % во сопственоста на секој издавач, е компанијата АДИНАМИК МЕДИА ДООЕЛ Скопје, која е во целосна сопственост на физичкото лице Агнеш Ковач од Унгарија;

- **Интернет-порталите www.A1on.mk, www.makfax.com.mk, www.usb.mk, www.reporter.mk и www.topsport.mk.** Овие онлајн медиуми се поврзани преку физичкото лице Игор Лештар од Шведска, кое е директен сопственик на КЛИП МЕДИА ГРУП ДООЕЛ Скопје, издавач на www.makfax.com.mk, www.usb.mk, www.reporter.mk и www.topsport.mk. Со оглед на тоа што КЛИП

МЕДИА ГРУП ДООЕЛ Скопје поседува 50 % од сопственоста на ОНЛАЈН МЕДИЈА ДОО Скопје, издавач на www.A1on.mk, Игор Лештар се јавува како индиректен сопственик и на овој издавач.